| ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД | IPRI International Property Rights Index |
|---|---|
| **Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД** | www.oi.org.mk |
| | +389 2 3 22 44 57 |
| **24 ФЕВРУАРИ 2009** | info@oi.org.mk |

# Извештај:Правата на сопственост во корелација со економската стабилност

## Меѓународен индекс за правата на сопственост

### Индекс од 115 земји кој ја мери врската помеѓу приватните права на сопственост и богатството




Скопје, 24 февруари 2009 година, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД го објавува најновиот глобален Меѓународен индекс на сопственички права. Во меѓународната студија објавена денес, податоците покажуваат дека земјите кои ја штитат физичката и интелектуалната сопственост на своите граѓани имаат 9 пати повисок БДП по глава отколку земјите кои се рангираат најниско во заштитата на правата на сопственост. Институтот за економски стратегии и меѓународни односи- ОХРИД е партнер организација на Алијансата за сопственички права заедно со која ја има честа да го објави Меѓународниот индекс за права на сопственост.
Меѓународниот индекс за права на сопственост ги споредува физичката и интелектуалната сопственост со економската стабилност во 115 земји, кои претставуваат 96 проценти од светскиот БДП.

Во однос на Република Македонија заштитата на правата на сопственост и понатаму остануваат да бидат предизвик. Република Македонија во Меѓународниот индекс за правата на сопственост го завзема 97-то место, кое е непроменето во однос на Индексот од минатата година. Според рангирањата на Индексот за правата на сопственост Република Македонија има 3,8 поени, што е исто колку и во 2008 година. Индексот за права на сопственост во 2009 година вклучува вкупно 10 варијабли, кои се поделени во три главни компоненти: Правна и политичка средина, Физички права на сопственост и Интелектуални права на сопственост. И покрај големиот број на права на сопственост и со варијаблите во индексот, финалната студија на Индексот за права на сопственост се фокусира само на клучните фактори кои директно ја поврзуваат силата и заштитата на правата на сопственост. Според клучните компоненти на меѓународниот Индекс во табелата на Правната и политичката средина Република Македонија има 3,8 поени што е за еден процент повисок од Индексот во 2008 година (3,7) и се наоѓа на 83-тото место. Во однос на Физичките права на сопственост Република Македонија има 4,6 поени што е помалку од 2008 година (4,9), и се наоѓа на

94-тото место. Во полето на Интелектуалните права на сопственост Република Македонија се наоѓа на 104-тото место или има 2,9 поени. Од трите клучни копмпоненти на Индексот може да се забележи дека Република Македонија не се наоѓа ниту во првите 10 земји ниту во последните 10 земји од 115 рангирани во Меѓународниот индекс за права на сопственост. Од земјите во регионот Република Македонија е рангирана пред Србија (100), Албанија (104), Босна и Херцеговина (108). Хрватска е на 60-тото место и Бугарија е на 59-тото место што ги прави рангирани за 30 места повисоко.

Веќе три години по ред така и оваа година Финска е лидер на листата на земјите во Индексот за правата на сопственост со 8,7 поени од можни 10. И во 2007 и 2008 година Финска имаше 8,6 поени и беше рангирана на првото место. Оваа година, со 8,5 поени втората позиција ја завземаа Данска и Холандија. Оваа година првите десет земји се заокружуваат со Австралија (8,1), Швајцарија (8,1), Австрија (8,1), Исланд (8,1) и Сингапур (8,1). На дното на листата се наоѓаат Албанија (3,5), Нигерија (3,5), Парагвај (3,5), Азербејџан (3,4), Босна и Херцеговина (3,3), Чад (3,2), Гана (3,2), Бурунди (3,2), Зимбабве (3,2), Ангола (2,8) и Бангладеш која е рангирана на последното место, имено на дното на табелата со 2,5 поени.

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД и уште 53 организации од 6 континенти се приклучија на Алијансата за права на сопственост во Вашингтон како и на програмата на Хернандо де Сото за дистрибуирање на извештајот. Слободниот пазар, претрпиемништвото, како и правата на сопственост се фундаментални вредности наведени во Уставот на Република Македонија. Индексот се стреми да им помогне на земјите кои недоволно направиле во полето на заштитата на правата на сопственост, да развијат цврста економија со акцент на цврст закон за сопственост. Институтот ОХРИД со Меѓународниот индекс за права на сопственост ќе ја обезбеди јавноста, истражувачите, аналитичарите, креаторите на политики во Република Македонија и ќе го понуди истиот како инструмент за компаративна анализа и идно истражување за глобалните права на сопственост во државите низ светот.

Мисијата на Институтот ОХРИД е да им обезбеди на македонската јавност и на политичките институции алтернативни перспективи за прашањата од областа на економијата и надворешната политика, за постигнување на слободно, правично и просперитетно општество. Работата на Институтот ОХРИД се базира на универзалните идеали на демократија, индивидуална одговорност, слободна пазарна економија и претприемништво.

За повеќе информации во однос на Индексот може да се обратите во просториите на Институтот ОХРИД. На ваше барање, Институтот ОХРИД ќе обезбеди по еден примерок од извештајот за натамошна анализа.

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД | IPRI International Property Rights Index |
| **Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД** | **www.oi.org.mk** |
| | +389 2 3 22 44 57 |
| **24 ФЕВРУАРИ 2009** | info@oi.org.mk |